## IN MEMORIAM

# Проф. д-р ТОДОР БОЈАЏИЕВ
## 1940-2004



Долга е патеката што треба да се помине. Исполнета е со големи препреки и изненадувања. Стремежот кон совршеното е главен мотив да се продолжи понатаму. Синтезата на собраните плодови продуцира мудрост, која го осветлува освоениот простор правејки ја полесна патеката за иднината.

Само со незапирливо истражување и откривање на вистинските вредности, може да се верифицира филозофијата на постоењето дека со гледање, следење и контролирање на мислите, следејќи ги ефектите врз околината, животот и околностите, поврзувајки ги причините и ефектите со стрпливо истражување и практицирање. Човекот е тој што самиот го создава карактерот, го моделира животот и ја гради својата судбина.

Патеката на проф. д-р Тодор Бојаџиев започнува во далечната 1940 година на 22 октомври во Скопје. По завршување на средното образование во 1958 година се запишува на Стоматолошкиот факултет во Скопје каде дипломирал во 1964 год. Длабоко навлезен во храмот на знаењето, во 1973 година се здобил со звањето специјалист по ортодонција со протетика, а во 1980 година и со звањето примариус, во 1978 година хабилитирал на тема „Дентоалвеоларни морфолошки карактеристики и развојни промени кај трисомија 21", а со одбраната на докторската дисертација во 1985 година, под наслов „Типологија диферентне статичке морфологије раста и развитка - рендгенкраниометриска анализа", на Медицинскиот факултет, Стоматолошки отсек, во Ниш се здобил со научниот степен доктор на стоматолошки науки од областа на ортодонцијата.

Стремежот кон поголеми знаења и достигнувања го води во Париз во 1976 година каде бил стручно усовршување кај професорите Кутан и Шато.

Професор Бојаџиев го претопува собраното знаење од универзитетот во Париз во монографијата „Затворање на просторот и подредување на забите по екстракција на првите премолари со сегментален лак по Бурстон", во издание на Универзитетот Париз 7, во Париз, 1977 година и во скриптата „Биомеханика во ортодонцијата", издадена во 1981 година.

Првото вработување на проф. Бојаџиев било во 1964 година, во Здравствената станица „Бетон" во Скопје, а потоа во Здравствениот дом „Скопје". Во 1974 година се вработил на Стоматолошкиот оддел при Медицинскиот факултет, Клиника за ортодонција.

Во 1976 година бил избран за асистент на Катедрата за ортодонција, а во 1979 бил преизбран во истото звање. Во 1981 година бил избран за доцент на истата Катедра, а во 1986 година за вонреден професор. Изборот на проф. Бојаџиев за редовен професор на Катедрата за ортодонција бил извршен во 1992 година, а во 1998 година бил реизбран во истото звање.

Проф. Бојаџиев прв ја вовел фиксната ортодонтска техника како метод во лекувањето на забновиличните аномалии на Стоматолошкиот факултет во Скопје, едуцирајќи ги кадрите на Клиниката за ортодонција и специјализантите. Негово друго поле на интерес е проучувањето на растот и развитокот на краниофацијалниот комплекс и тој ги одредил краниофацијалните димензии кај македонското население.

Особен интерес за проф. Бојаџиев претставуваа конгениталните аномалии од типот трисомија 21 и нивното лекување.

Проф. д-р Тодор Бојаџиев бил управник на Клиниката на ортодонција при ООЗТ Стоматолошки клиники и шеф на истоимената Катедра при Стоматолошкиот факултет од 1984 до 1999 год. Во два мандата, 1988/90 и 1990/92 година, бил продекан на Стоматолошкиот факултет.

За својата севкупна дејност професор Бојаџиев бил наградуван со разни одликувања и награди: Орден заслуги за народ (1986), повелба „Д-р Трифун Пановски" од Македонското лекарско друштво (1993), плакета по повод одбележувањето на 30-годишнината од формирањето на Стоматолошки факултет (1989).

Публицистичкиот опус на професор Бојаџиев опфаќа вкупно 182 статии, од кои 168 објавени во домашни и 14 во странски публикации.

На 13 декември 2004 година патеката одеднаш заврши. Ненадејно, ненајавено, неочекувано. Може-

би пребрзо чекореше по неа, можеби сакаше премногу да ја осветли, можеби имаше премногу препреки? Некои прашања се тешки да се одговорат.

Проф. д-р Тодор Бојаџиев ќе остане во долго сеќавање како човек, родител, професор, пријател. Работата го исполнуваше, имаше неуморна желба за творење, едукација, дружење.

Заминувањето на професор Бојаџиев претставува загуба за семејството, за пријателите, за Стоматолошкиот факултет во Скопје, за ортодонцијата и македонската стоматологија, воопшто. Долго ќе го паметиме.

***Од Стоматолошкиот факултет***